РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1114/2
04-05-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1114/1 од 11.03.2026 година против --------- ------------- адвокат од Охрид, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа предметните наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува.

Предметот со број 12-1114/1 од 11.03.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До ДКСК од страна на непознат подносител на 11.03.2026 година, доставен е поднесок насловен како кривична пријава против лицето --------- -------------, адвокат поради сомневање за сторени повеќе кривични дела „Фалсификување исправа“, „Измама“, Давање на лажни податоци“, „Составување на исправа со невистинита содржина“, „Злоупотреба на службена положба и овластување“ и „Несовесно работење во службата“, по која во ДКСК е оформен предмет со број 12-1114/1 од 11.03.2026 година.
Кривичната пријава е доставена и до Јавното обвинителство за организиран криминал Скопје и Основно јавно обвинителство - Охрид.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледување на пријавата ДКСК утврди дека предметните наводи се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за истите друг орган е надлежен да постапува а воедно пријавителот ја поднел истата кривична пријава до јавното обвинителство како надлежен орган за кривичен прогон на сторители на кривични дела.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: А.Ч., Претседател